РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETEROR PËR NDERTIMTARI DHE URBANIZEM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: / Pranuar më: | 27.02.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 12 | 173/1 | | |

( Образец ПП……)

До: **Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: **Претпријатие за нафтени цевоводи СОЛУН СКОПЈЕ ВАРДАКС АД Солун- Подружница ВАРДАКС Скопје, email: vardax@helpe.gr**
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: , **адвокат од Скопје, Ул. Васил Главинов бр. 3-1/1, Скопје,**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Записник од извршениот инспекциски надзор(по поднесена Иницијатива од Претпријатието за нафтени цевоводи СОЛУН СКОПЈЕ ВАРДАКС АД Солун- Подружница ВАРДАКС Скопје) према Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЛИ ДОО Скопје и неговите изведувачи во врска со изградбата на Ветерниот парк "ДРЕН" и активностите кои се преземаат во близина на селото Дрен, општина Демир Капија во близина на продуктоводот на Вардакс.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- (в) фотокопија
- (г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- (а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 27.02.2024 година .

(доколку ... ма)

**Република Северна Македонија**

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни, општи и административни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12 - 173/2
04.04. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Датум: 04.04.2024 година**

**До:**

- **Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништво**
- **Сектор за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизот**
- **Помлад градежен инспектор**

**Предмет: Барање за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристам до информации од јавен карактер**

Почитуван/а

Согласно член 8 став 3 од Зконот за слободен пристап од информации од јавен карактер („Сл. Весник на РСМ" БР. 101/2019) и Процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, потребно е во рок од пер (пет) дена да ја доставите бараната информација до службеното лице по електронски пат на истата електронска адреса.

Во прилог : Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам од Препријатие за нафтени цевоводи СОЛУН СКОПЈЕ ВАРДАК АД Солун, Адвокат ул. Васил Главинов бр.3-1/1 Скопје, и по електронски пат од е-пошта на 28.02.2024 година.

Со Почит,

Изработил:

Помлад соработник


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев" бр. 18, Скопје Република Северна Македонија
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183, Е-пошта: contact@digu.gov.mk

| |
|---|
| Арх. знак ______ |
| Рок на чување ______ |
| ______ 20 ___ год. |
| Потпис, |

РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАПДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./Nr./ No. 03-16 Скопје,Shkup/Skopje 2024година/viti/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 12.04.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 12 | 173/3 | | |

**До**

**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр.18**

Скопје

ПРЕДМЕТ: **Доставување на претставка на надлежност**

ВРСКА: **Претставка во врска со насловено „Барање за пристап до информации од јавен карактер“ од 28.02.2024 година**

Почитувани,

Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје ВАРДАКС АД – Подружница ВАРДАКС Скопје, преку полномошник Пандорка Кимова,адвокат од Скопје, на 03.04.2024 година до Агенцијата достави допис насловен „Жалба“, заведен во Агенцијата под бр.03-16. Поради природата на насловената Жалба, Агенцијата истата ја третира како Претставка, бидејќи со поднесено Барање се бараат информации од Ваша надлежност: „Записник од извршен инспекциски надзор (по поднесена Иницијатива од Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје ВАРДАКС АД Солун – Подружница ВАРДАКС Скопје) према Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЈИ ДОО Скопје и неговите изведувачи во врска со изградбата на Ветерниот парк „ДРЕН“ и активностите кои се преземаат во близина на селото Дрен, општина Демир Капија во близина на продуктоводот на Вардакс“.

Во врска со горенаведеното, постапувајќи согласно член 5 став 2 и член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози, Агенцијата Ви ја препраќа Претставката на Ваша натамошна надлежност.

Во прилог:

1. ПРЕТСТАВКА бр.03-16 од 03.04.2024 година

Со почит,

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

Република Северна Македонија Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Agjencia e mbrojtjes së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561тел./ tel. /phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038 Web: http://www.aspi.mk
Bul. "GoceDellçev" nr.18 Shkup F.P.561 факс/faks/fax: +389 2 3114 695 e-mail:aspi@aspi.mk
Blvd."GoceDelcev" no.18 Skopje, PO.Box.561

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА

ул. Скопје

тел.


од јавен карактер - Скопје
së drejtës për qasje të
karakter publik - Shkup

| Примено: 03. 04. 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 16 | | |


корисничко име на електронско сандаче:

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**ПРЕКУ**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ (ИМАТЕЛ НА ИНФОРМАЦИЈА)**

**ВРСКА:** Барање за пристап до информации од јавен карактер од 28.02.2024 год.

# Ж А Л Б А

**Од: Претрпијатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје ВАРДАКС АД-Подружница ВАРДАКС Скопје**, Миладиновци бр.Инсталации/ОКТА П.Ф.66 Миладиновци, Илинден бр. 108/28, ЕМБС 6161138, овластени застапници Димитриос Бенис и Есад Рахиќ, e-mail vardax@helpe.gr, **преку полномошник адвокат од Скопје, ул. бр. официјална адреса за е-пошта: , адреса за достава на судска пошта: , корисничко име на електронско сандаче:**

**Против:** Недонесување Решение по барање за пристап до информации од јавен карактер

**Поради :** Суштествена повреда на одредбите на постапката и повреда на материјалното право

*О б р а з л о ж е н и е*

Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје ВАРДАКС АД-Подружница ВАРДАКС Скопје (во понатамошниот текст: "*ВАРДАКС/Барателот*") на ден 28.02.2024 год. до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, како Имател на информации од јавен карактер, врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, достави Барање за пристап до информација од јавен карактер -Записник од извршен инспекциски надзор по поднесена Иницијатива за спроведување на вонреден инспекциски

надзор од Барателот према Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЏИ ДОО Скопје и неговите изведувачи во врска изградбата на Ветерниот Парк "ДРЕН" и активностите кои се преземаат во близина на селото Дрен, општина Демир Капија во близина на продуктоводот на ВАРДАКС." Барањето го приложуваме кон оваа Жалба.

Законскиот рок од 20 (дваесет) дена од денот на прием на барањето за Имателот на информацијата да одговори по барањето, пропишан во член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истече на 19.03.2023 год. , а Државниот Инспекторат за градежништво и урбанизам како Имател на информација сеуште нема одговорено по барањето на ВАРДАКС, ниту пак го има известено за евентуално продолжување на рокот поради причини предвидени во законот.

Со оглед дека Имателот на информацијата во законскиот рок не му овозможи на Барателот пристап до информацијата од јавен карактер, не донесе ниту му достави на барателот решение по однос на барањето, согласно член 20 став 3 од Законот се смета дека барањето на ВАРДАКС за пристап до информација од јавен карактер е одбиено.

**Следствено на горе-наведеното, Барателот во законски пропишаниот рок од 15 (петнеасет ) дена ја поднесува оваа Жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно член 20 став 3 и член 27 од Законот, со предлог Агенцијата да ја уважи Жалбата на ВАРДАКС и да му ја достави и/или го задолжи Државниот Инспекторат за градежништво и урбанизам да му ја достави на ВАРДАКС бараната информација од јавен карактер-** Записник од извршен инспекциски надзор по поднесена Иницијатива за спроведување на вонреден инспекциски надзор од Барателот према Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЏИ ДОО Скопје и неговите изведувачи во врска изградбата на Ветерниот Парк "ДРЕН" и активностите кои се преземаат во близина на селото Дрен, општина Демир Капија во близина на продуктоводот на ВАРДАКС.

**Скопје, 03.04.2024 год.**

**Со почит,** **ЗА**
**ВАРДАКС АД- Подружница**
**ВАРДАКС Скопје**
**Полномошник**

**ТРОШКОВНИК:** Адвокатска награда за состав на Жалба..................10.620,00 ден.
(6.000,00 ден. + 50% за правен лек + 18% ДДВ за регистриран обврзник за ДДВ)
Административна такса за Жалба во износ што ќе го определи органот

28.02.2024

( Образец ПП……)

До: **Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: **Претпријатие за нафтени цевоводи СОЛУН СКОПЈЕ ВАРДАКС АД Солун- Подружниц ВАРДАКС Скопје, email: vardax@helpe.gr**
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **, адвокат о Скопје, Ул. бр. Скопје,**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Записник од извршениот инспекциски надзор(по поднесена Иницијатива од Претпријатието за нафтени цевоводи СОЛУН СКОПЈЕ ВАРДАКС АД Солун- Подружница ВАРДАКС Скопје) према Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЈИ ДОО Скопје и неговите изведувачи во врска со изградбата на Ветерниот парк "ДРЕН" и активностите кои се преземаат во близина на селото Дрен, општина Демир Капија во близина на продуктоводот на Вардакс.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје , 27.02.2024 година . ______________________
(доколку … рма)

РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАПДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./Nr./ No. 03-16 Скопје,Shkup,Skopje 05.04 2024 година/viti/year

**До**

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Претставка**

ВРСКА: **Ваш допис насловен Жалба, заведен во Агенцијата под бр.03-16 на 03.04.2024 година**

Постапувајќи по Вашиот горенаведен допис, согласно Законот за постапување по претставки и предлози, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер Ви го доставува следниот одговор:

Вие како Барател на информации на 03.04.2024 година до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер доставивте допис насловен Жалба, заведен во Агенцијата под бр.03-16.

Жалбата ја поднесувате против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам по ваш поднесок насловен Барање за пристап до информации од јавен карактер од 28.02.2024 година, со кого барате „Записник од извршен инспекциски надзор (по поднесена Иницијатива од Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје ВАРДАКС АД Солун – Подружница ВАРДАКС Скопје) према Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЈИ ДОО Скопје и неговите изведувачи во врска со изградбата на Ветерниот парк „ДРЕН" и активностите кои се преземаат во близина на селото Дрен, општина Демир Капија во близина на продуктоводот на Вардакс".

Поради природата на Вашето Барање, Агенцијата Ве известува дека Вашата поднесена „Жалба" не може да ја прифати како жалба согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради тоа што во конкретниот случај не станува збор за постапка по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку станува збор за постапка по Барање за информации од надлежност на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, односно за информации од личен карактер.

Поради наведеното Агенцијата Вашата жалба ја третира како Претставка и истата е препратена на надлежност до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, согласно Законот за претставки и предлози.

Согласно член 2 од Законот за постапување по претставки и предлози „Под претставка, односно предлог, во смисла на овој закон, се подразбира секое писмено или усно обраќање на подносителите до органите кои постапуваат по претставките, односно предлозите, заради заштита и остварување на своите права и интереси,

јавните интереси утврдени со закон или заради поведување на друга иницијатива од јавен интерес, освен оние писмени или усни обраќања (барање за поведување на постапка за остварување на права или правни интереси, иницијатива за вршење на инспекциски или друг вид на надзор) од чија содржина произлегува барање од подносителот за поведување на постапка која е регулирана со посебен закон".

Во врска сопогоре наведеното, Агенцијата на полномошникот на на барателот на информации му укажува на следното:

Во член 4 став 1 од Законот за адвокатура (сл. весник на РСМ бр. 199/2023) е утврдено дека: "Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, како и правните и физичките лица кои имаат јавни овластувања, се должни на адвокатот во рок од осум дена од денот на доставеното барање да му ги дадат податоците и документите потребни во вршењето на адвокатската дејност во конкретен предмет".

Во член 217 став 3 од Законот за парнична постапка е утврдено дека: "Ако исправата или документот се наоѓа кај државен орган или орган на државната управа или кај правно или физичко лице кое врши јавни овластувања, а самата странка не може да издејствува исправата или документот да се предаде или покаже, судот по предлог на странката ќе ја прибави оваа исправа или документ."

Согласно наведеното, адвокатите доказите за водење на судска постапка во име и за сметка на своите клиенти треба да ги обезбедуваат преку примена на горенаведените материјални закони, а не преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој има за цел остварување на интересот на пошироката заедница како целина.

Што се однесува на приложениот Трошковник кон дописот насловен „Жалба", Агенцијата укажува дека, од пришина што пристапот до информации значи остварување на јавен интерес, интерес на пошироката заеница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците, пристапот до информациите од јавен карактер е бесплатен. Имено, во член 10 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е утврдено дека: "Секој имател на информации е должен да овозможи бесплатен пристап до информациите од ставот (1) на овој член."

Во прилог Ви го доставуваме дописот доставен до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

Република Северна Македонија • Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер • Agjencia e mbrojtjes së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup • Republika e Maqedonisë së Veriut

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 16. 04. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr: | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| 12 | 173/4 | | |

( Образец ПП……)
До:

**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

**Испратено и по електронска пошта на:**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: **Претпријатие за нафтени цевоводи СОЛУН СКОПЈЕ ВАРДАКС АД Солун- Подружница ВАРДАКС Скопје, email: vardax@helpe.gr.**

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **, адвокат од Скопје, Ул. :копје,**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Записник од 12.04.2024 од извршениот инспекциски надзор (по поднесена Иницијатива од Претпријатието за нафтени цевоводи СОЛУН СКОПЈЕ ВАРДАКС АД Солун- Подружница ВАРДАКС Скопје) према Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЈИ ДОО Скопје и неговите изведувачи во врска со изградбата на Ветерниот парк "ДРЕН" и активностите кои се преземаат во близина на селото Дрен, општина Демир Капија во близина на продуктоводот на Вардакс и решение за изречени инспекциски мерки од 12.04.2024.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Во Скопје, 16.04.2024 година .** ____________

(доі ... орма)